РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Радовиш

ОПШТИНА РАДОВИШ

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Бр. 05- 845/3
27/11/2019 год.

До
Влада на Република Северна Македонија
бул.,,Илинден,, бр.2
Скопје

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ДОДЕЛЕНИТЕ СРЕДСТВА КАКО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ДОСПЕАНИ, А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ ПО ДОВЕРИТЕЛИ СОГЛАСНО СО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВКУПНО ДОГОВОРЕНИОТ ИЗНОС ПО ДОВЕРИТЕЛИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДОСПЕАНИ, А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ**

Согласно член 3 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ( Сл.весник на РМ бр.209/2018), општина Радовиш, заклучно со 30.09.2018 год. има пријавено доспеани, а неплатени обврски во износ од 4.201.546,00 ден., од кои 872.890,00 ден. се пријавени обврски од единките корисници, а останатите се пријавени обврски од општината, со што доделените средства на општината во износ од 51% од вкупно пријавените изнесуваат 2.142.788,00 ден. и истите се трансферирани на посебно отворената сметка во Трезор за таа намена – 758014072078904 – Општина Радовиш – Финансиска поддршка на ЕЛС, на 30.11.2018 год., извод бр.1.

Веднаш по стапувањето во сила на овој закон, Градоначалникот на општина Радовиш пристапи кон објава на Јавен повик бр. 01/2018 до сите доверители за доспеаните, а неплатени обврски евидентирани во Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските заклучно со месец септември 2018 год., со цел спогодбено утврдување на износот на обврските.

По завршување на јавниот повик, Градоначалникот на општината, пристапи кон преговори со сите доверители кои се јавиле на јавниот повик за спогодбено утврдување на износот на обврските и за секој поединечно се изготви Записник за преговарање.

Од причина што пријавените обврски на единките корисници заклучно со месец септември во износ од 872.890,00 ден. во меѓувреме беа измирени кон доверителите, согласно член 11 од Законот за финансиска поддршка на ЕЛС и единките корисници основани од ЕЛС за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, раководните лица на единките корисници доставија изјави за одобрување за користење на средствата за финансирање на доспеаните, а неплатени обврски на општината врз основа на кои Советот на Општина Радовиш донесе Одлука бр. 09-677/2 од 18/04/2019 год. за

одобрување за користење на средствата за финансирање на доспеаните, а неплатени обврски на општината.

По завршување на процесот на преговарање, општината изготви Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски и Вкупен договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, одобрени од страна на Советот на општината со Одлука бр.08-845/1 од 27/05/2019година и бр. 08-845/2 од 30/05/2019 год., објавени на WEB страната на општината. Во Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители, за 3 доверители се утврдија износи за измирување на обврските кои спогодбено беа утврдени во Записниците од преговарањето со нив, при што од реден број 1 до реден број 3 во Извештајот, се изврши целосно измирување на пријавените побарувања на доверителите заклучно со месец септември.

За договорените износи на измирување кон доверителите, во Буџетот на Општина Радовиш, во посебна програма за таа намена, програма А3- подмирување на доспеани, а неплатени обврски, на соодветни ставки беа буџетирани договорените износи за измирување на обврските кон доверителите во вкупен износ од 2.142.788,00 ден.

Со почетокот на новата буџетска година и вчитувањето на Буџетот на општината за 2019 год. во Трезор – Министерство за финансии – Скопје, се пристапи кон плаќање кон доверителите од Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители.

На 19/06/2019 год. извод бр.1, од наменската сметка Општина Радовиш – Финансиска поддршка на ЕЛС на сметката – Буџет на општина Радовиш, префрлена е сума во износ од 1.167.287,00 ден. и со овие средства на 25/06/2019 год. извод бр.61 од сметка – Орган на општина, исплатени се договорените износи на обрски кон следните доверители:

-ДГТ ЖИКОЛ ДООЕЛ Струмица—1.141.407,00 ден

- 22 Октомври ДОО Радовиш – 17.560,00 ден и

-ПМЕ Техника Касапинов Иле Кавадарци- 8.320,00денари.

Заклучно со 19/06/2019 год., општината изврши целосно измирување на обврските кон сите 3 доверители од Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

Вишокот на средства во вкупен износ од 975,501.00 денари се вратени во Буџетот на Република Македонија на ден 18/07/2019 год. согласно член 11 став 2 од Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправа и единките корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани а неплатени обврски( Сл.весник на РМ бр.209/2018).

Прилог документи:

- Јавен повик бр.01/2018;
- Одлука бр.09-677/2 од 18/04/2019 год. за одобрување средства на општината од страна на единките корисници кои самостојно можат да ги финансираат нивните пријавени обврски;
- Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, Одлука бр.08-845/1 од 27/05/2019 год. за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

- Вкупен договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, Одлука бр. 08-845/1 од 27/05/2019 год. за одобрување на вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;
- Пријава бр.09-1871/2 од 11/12/2018 год. од доверител ДГТ ЖИКОЛ ДООЕЛ Струмица, Покана за преговарање бр.09-656/3 од 16/04/2019 год. и Записник од преговарање бр.09-656/4 од 18/04/2019 год. – р.бр.3 од Извештајот;
- Пријава бр. 09-1871/3 од 14/12/2018 год. од доверител 22 Октомври ДОО Радовиш, Покана за преговарање бр. 09-656/2 од 16/04/2019год. и Записник од преговарање бр. 09-656/6 од 18/04/2019 год. – р.бр.2 од Извештајот;
- Пријава бр. 09-1871/5 од 18/12/2018 од доверител ПМЕ Техника Касапинов Иле Кавадарци, Покана за преговарање бр. 09-656/1 од 16/04/2019год и Записник од преговарање бр. 09-656/6 од 18/04/2019 год. – р.бр.1од Извештајот;
- Извод бр.1 од 30.11.2018 год. – сметка Општина Радовиш – Финансиска поддршка на ЕЛС;
- Извод бр.1 од 19.06.2019 год. – сметка Општина Радовиш – Финансиска поддршка на ЕЛС;
- Извод бр.2 од 21.01.2019 год. – сметка Општина Радовиш – Финансиска поддршка на ЕЛС;
- Извод бр.61 од 25.06.2019 год. – сметка Радовиш – Орган на општина;

Изготвил: Сашка Арсова________
Одобрил:Раководител на сектор
за финансиски прашања
Виолета Ефнушева________

Градоначалник
на општина Радовиш

________________
Герасим Конзулов